Република е Maqedonisë së Veriut
Национална установа ДРАМСКИ ТЕАТАР
Institucioni Nacional TEATRI I DRAMËS
Бр.-Nr. 0304-235/1
20.03 2024 год.viti
Скопје-Shkup

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор
## ИП 1 бр. 57 - 19
## Датум: 12.03.2024 година

Архивски знак ______
Рок на чување ______ год.
______ 20__ год.
Скопје

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзорот | РСМ, Национална установа-Драмски театар, Скопје |
| Седиште/адреса на субјектот | ул. „ Шекспирова" бр. 15, Скопје |
| Адреса за е-пошта: | |
| Телефон | 02 3063 – 388, 3063 - 452 |
| Матичен број на субјектот | 4067541 |
| Даночен број на субјектот | 4030974131197 |
| Број на жиро-сметка на субјектот | |
| Банка депонент: | Народна банка на РСМ - Скопје |
| Одговорно лице на субјектот: | |

| Име и презиме: | Телефон: | Е-пошта: |
|---|---|---|
| в.д. директор | | |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| Вид на инспекцискиот надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. <u>ВОНРЕДЕН</u> | 3. КОНТРОЛЕН |
|---|---|---|---|
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 06.03.2024 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 10:30 ч. |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 08.03.2024 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 16:00 ч. |
| Назив на објектот – инсталацијата каде што се врши надзорот | РСМ, Национална установа - Драмски театар – Скопје (**во натамошниот текст: Драмски театар**) | | |
| Главна дејност на објектот – | Изведувачка уметност (шифра- 90.01) | | |


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| инсталацијата каде што се врши надзорот | |
| Адреса на објектот – инсталацијата каде што се врши надзорот | ул. „Шекспирова“ бр. 15, Скопје |

**3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:**

- Месечниот план за работа на Секторот за управен и инспекциски надазор на министерството за култура за месец март бр. 57-18/3 од 04.03.2024 година **(во натамошниот текст: СУИН на МК)** и Налогот ИП1 бр. 57-19 од 28.02.2024 г., издаден од раководителот на СУИН на МК.

**4) Инспекцискиот надзор е извршен од:**

- Маја Митревска, виш инспектор – раководител на Одделение за инспекциски надзор при СУИН на МК.

**5) Предмет на вонредниот инспекциски надзор**

**Предмет:** инспекцискиот надзор е извршен од аспект на примена на одредбите од **Законот за културата** („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), и обврската за **спроведување на постапката за селекција за вработување на уметници** (даватели на јавни услуги), со проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите на јавниот оглас и спроведување на постапка за аудиција (член 76-б, член 77-б, член 77-в, член 77-е став (2), (3) и (4)), под услови и на начинот утврден со општ акт на јавната установа за спроведување на аудицијата и бодување во зависност од категоријата и нивото на работното место за кое е објавен јавниот оглас, што го донесува управниот одбор, на предлог на директорот (член 77-ѕ), а во врска со спроведената постапка за селекција за вработување на 10 (десет) извршители на работно место - актер четврта група во НУ-Драмски театар - Скопје, по објавениот Оглас бр. 01/2023.

**Основ:** член 82 став (1) од **Законот за културата**, а во врска со член 71 став (1) од **Законот за инспекциски надзор** („Сл. весник на РСМ" бр. 102/2019).


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

**6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор:**

-Не се употребени листите за проверка, од причина што станува за вонреден инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор согласно со член 70 став 3 од Законот за инспекциски надзор.

**7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од следново лице:**

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| в.д. директор | | |

**8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, беа присутни следниве лица:**

| Име и презиме и својство | Телефон/мејл |
|---|---|
| дипломиран правник, ангажирана како надворешен соработник за вршење на административни, општи и правни работи, по пат на месечни договори за дело за период од 9 часа во неделата | |

9)Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на субјектот на надзор му ги презентираше целите и предметот/опфатот на вонредниот инспекциски надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот на надзор.

**10)** Во инспекцискиот надзор се констатирани следниве **наоди за утврдената фактичка состојба:**

10.1. До СУИН на МК, од страна на Министерството за труд и социјална политика, Државен инспекторат за труд, Скопје, со Допис ИП 1 бр. 0907-151 од 14.02.2024 година, препратена е Пријавата бр. 0907-151 од 30.01.2024 г., од подносителот од Скопје, преку полномошник-адвокат од Скопје (според Полномошно од 29.01.2024 година), за вршење инспекциски надзор во врска со постапката за избор на кандидати по Јавниот оглас бр. 01/2023 од 26.12.2023 г., во Драмски театар, Скопје. Во предметната Пријава, до Државниот

инспекторат за труд, Скопје изнесени се наводи дека од страна на Драмски театар е објавен Оглас за вработување на уметници на определено време врз основа на Законот за културата, по којшто подносителот и покрај тоа што ги исполнувал условите во целост, не е избран.

10.2. Постапувајќи по предметното службено Барање, а согласно со издадениот Налог за вршење инспекциски надзор, под горецитираниот број и датум преземени се инспекциски дејствија согласно со закон..

**Од непосредниот увид во следнава документација и евиденција, кај субјектот на надзорот и тоа:**

-Тековна состојба од 05.07.2023 година на НУ - Драмски театар – Скопје;

-Решение на министерот за култура бр. 44-6548/2 од 22.06.2023 година и бр. 44-6548/3 од 19.12.2023 година, за именување на за в.д. директор на Театарот;

-Правилник за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на аудицијата, како и начинот на бодување во зависност од катергоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас во Драмски театар-Скопје бр. 0201-324/10 од 14.10.2021 година;

-Правилник за систематизација на работните места во Драмски театар, Скопје бр. 0202-246/3 од 01.09.2020 г., и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Драмски театар, Скопје бр. 02-404/1 од 14.09.2023 година;

-Правилник за внатрешна организација на Драмски театар, Скопје бр. 0402-246/4 од 01.09.2020 година;

-Согласност од Министерството за информатичко општество и администрација бр. 12/6-2771/2 од 02.09.2020 година и бр. 09-2873/4 од 04.10.2023 година;

-Согласност од Министерството за финансии бр. 18-12004/2 од 26.12.2023 година;

- Одлука за објавување јавен оглас за вработување на уметници бр. 04-769/1 од 28.12.2023 година;

- Јавен оглас број 01/2023 од 26.12.2023 година, за вработување на 10 (десет) уметници на определено време заведен под бр. 04-769/2 од 28.12.2023 година;

-Решение бр. 04-48/1 од 09.01.2024 година за формирање на Комисијата за постапка за вработување на актери четврта група;

-Записник бр. 04-111/3 од 15.01.2024 година, од Комисијата за постапка за вработување на актери четврта група по Јавен оглас бр. 01/2023 г.;

-Записник бр. 04-111/6 од 24.01.2024 година, од одржана аудиција за актери, на Комисијата за спроведување на аудиција;

-Предлог бр. 04-111/4 од 24.01.2024 година на кандидати за вработување по јавен оглас за вработување на уметници на определено време број 01/2023 година, од Комисијата за постапка за вработување на актери четврта група;

-Одлука бр. 04-111/7 од 24.01.2024 г., за избор на 10 кандидати за вработување како актери четврта група по Јавен оглас број 01/2023 година, за вработување на уметници на определено време во Драмски театар, Скопје донесена од в.д. директорот;

-Жалба заведен под бр. 03-146/2 од 31.01.2024 година, поднесена до Управенниот одбор на Драмски театар, од подносителот од Скопје, преку полномошник – адвокат од Скопје.

-Одлука на Управниот одбор бр. 02-161/8 од 05.02.2024 година, со која се одбива како неоснована Жалбата на подносителот-кандидатот од Скопје;

-**Врз основа на која:**

-**Утврдени се следните состојби во работењето на субјектот на надзорот:**

По извршен непосреден увид во горенаведената документација, како и разговорите со присутните лица, констатирано е дека:


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

**10.1.** Врз основа на член 34 став (1) од Законот за културата, со Решение на министерот за култура бр. 44-6548/2 од 22.06.2023 година за вршител на должноста в.д. директор на Драмски театар, именувана е а потоа со Решение на министерот за култура бр. 44-6548/3 од 19.12.2023 година, повторно е именувана за вршител на должноста директор на Драмски театар.

**10.2.** Во Драмски театар, во примена е Правилникот за систематизација на работните места бр. 0202-246/3 од 01.09.2020 г., и Правилникот за внатрешна организација бр. 0402-246/4 од 01.09.2020 г., донесени од страна на директорот врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл. весник на РМ" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Сл. весник на РСМ" бр. 143/2019 и 14/2020), в.в. со член 36 став (1) точка 5 од Законот за културата, а за коишто е добиена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација бр. 12/6-2771/2 од 02.09.2020 година за нивната усогласеност со одредбите од Законот за културата, Колективниот договор за култура, Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор и Каталогот на работни места во јавниот сектор.

Во текот месец септември 2023 година, со Правилник бр. 02-404/1 од 14.09.2023 година, вршени се измени и дополнувања на постојниот Правилникот за систематизација на работните места, а за што од страна на Министерството за информатичко општество и администрација, е дадена согласност бр. 09-2873/4 од 04.10.2023 година.

Но, во членот 10 од горецитираниот Правилник за систематизација на работните места во Драмски театар, во којшто се наведени **посебните услови утврдени со Законот за културата за даватели на услуги од областа на културата од Категорија А** и тоа: ниво на образование 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен или завршено средно балетско, односно средно музичко училиште, **во делот за работно искуство: за нивото А4, наместо „најмалку две години работно искуство", наведено е „најмалку две години работно искуство во струката", а за нивоата А5 и А6, наместо „до една година работно искуство", наведено е „до една година работно искуство во струката".**

Имено, во согласност со член 15 став (4) од Законот за вработените во јавниот сектор, со којшто е предвидено дека **категориите и нивоата на работните места во јавниот сектор** од членот 14 став (2) од истиот Закон, **во конкретниот случај** за

групата III - **работни места за даватели на јавни услуги во јавните установи,** јавните претпријатија основани од РСМ, од општините, од градот Скопје или од општините во градот Скопје, за **подгрупата 4 – даватели на јавни услуги во областа на културата** и на јавното информирање, **се утврдуваат со посебните закони и со колективните договори** согласно со видот на потребните стручни квалификации и работните компетенции, одговорноста, видот и сложеноста на работите и на работните задачи, како и согласно со други критериуми од значење за работното место, со **Законот за културата, конкретно со одредбите на член 76-б ставовите (1) и (3) од Законот, за вработените од категоријата А, во нивото А4, предвидено е дека треба да имаат „најмалку две години работно искуство“, а за вработените од категоријата А, во нивоата А5 и А6 дека треба да имаат „до една година работно искуство“.**

Оттука, имајќи ја предвид горенаведената одредба од Законот за културата, **потребно е да биде извршено соодветно усогласување** на одредбите од постојниот Правилник за систематизација на работните места во Театарот, согласно со **член 76-б ставовите (1) и (3) од Законот за културата, во делот за потребното работно искуство, односно за нивото А4 „најмалку две години работно искуство“** (уметници втора група - оперски солисти носители на средни улоги, балетски играчи носители на средни улоги, **актери втора група**, трети дувачи (труба со пистон, хорна, тромбон, бас кларинет, ц кларинет, трета обоа со англиски рог, трета флејта со пиколо, фагот, контрафагот), туба, ударни инструменти, заменици на групи гудачки инструменти (втора виолина, виола, виолончело и контрабас), истакнати играчи од прв ред – солист и истакнат пејач од прв ред - солист во НУ Танец, корептитор во опера/балет, хор мајстор, педагог-репетитор и други), **за нивото А5 „до една година работно искуство“** (уметници трета група– оперски солисти носители на епизодни улоги, балетски играчи-носители на епизодни улоги, група втори дувачи (обоа, флејта, фагот, кларинет, хорна, втора флејта со пиколо), прва виолина тути, постар играч/пејач- солист во НУ-Танец, **актер трета група**, асистент хор мајстор и други), **и за нивото А6 „до една година работно искуство“** (уметници четврта група – **актер четврта група**, тути гудачи, членови во хор, членови во балетски ансамбл, играч/ пејач во НУ Танец и други).

10.3. Согласно со член 36 став (1) т. 11, а во врска со член 77-ѕ од од Законот за културата и член 20 - г став (9) од Законот за вработените во јавен сектор, од страна на Управниот одбор на Драмски театар, а по предлог на директорот е донесен


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

Правилник бр. 0201-324/10 од 14.10.2021 г., за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на аудицијата, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место, за кое е објавен јавниот оглас во НУ –Драмски театар-Скопје.

Меѓудругото, согласно со презентираната документација е утврдено дека работен однос за категоријата А - уметници се заснова за период од пет години, во постапка за **селекција за вработување на уметници** којашто се состои од **проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите** доставени на јавниот оглас **(административна селекција)**, и спроведување на **постапка за аудиција**. Кандидатите кои успешно ја поминале постапката на веродостојност на докази имаат право да продолжат на аудиција. На аудицијата се проверуваат уметничките способности на кандидатот од страна на петчлена Комисија. За текот на постапката Комисијата води записник. По спроведената аудиција Комисијата за спроведување на аудицијата **изработува ранг листа на кандидати**, кои се пријавиле по огласот која ја доставува до директорот во рок од 3 дена од спроведената аудиција. Во наредните 5 дена од приемот на предлог листата директорот донесува решение за избор на најдобриот пријавен кандидат. (член 20 од Правилникот).

Во однос на обврската од одредбата на член 77-ѕ од Законот за културата, со општиот акт на установата да се утврди „начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас“, односно за работните места - од категоријата А - уметници, **во нивоата А1, 2, 3, 4, 5 и 6**, во конкретниот случај за актер првенец (ниво А1), актер прва група (ниво А3), актер втора група (ниво А4), актер трета група (ниво А5), и актер четврта група (ниво А6), според изјавата на директорот, со Правилникот е предвиден начин на бодување на пријавените кандидати, за сите нивоа на работните места од категоријата А – уметници, односно критериуми за поседување на **стручни квалификации и уметнички способности за актерите, кој се вреднува со бодови од 0-10 и тоа:** говорна техника, движење на сцена и способност за анализа на ликови и реализација, а врз основа на претходно подготвени етиди, еден монолог (во конкретниов случај: „Копнеж“ од Сара Кејн) и зададен материјал-драмска литература, што се дава на кандидатот на увид пет дена пред полагање на аудицијата **и согласно со истите од страна на Комисијата е спроведена аудиција, односно стручна проверка и е извршено бодирање на кандидатите од 0 до 10, односно од 0 до 30,** за што Комисијата, изготвила и записник од


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

аудицијата со табелраен преглед за секој кандидат посебно, кој што беше презентиран на увид на инспекторот во текот на надзорот.

10.4. Со Известување бр. 18-12004/2 од 26.12.2023 година, на Министерството за финансии за вработување на 10 (десет) лица на работно место - актер четврта група во НУ-Драмски театар – Скопје, на **определено време, за период до 31.12.2023 г., во Буџетот на Министерството за култура – Финансирање на дејностите од областа на културата, за тековната фискална година (2023 г.), се обезбедени финансиски средства** согласно со одредбите од член 51 од Законот за буџетите, за вработување кај корисниците и единките корисници на средствата од Буџетот на РСМ, буџетите на фондовите и јавните претпријатија основани од Собранието на РСМ и од Владата на РСМ, како и трговските друштва основани од РСМ.
Врз основа на известувањето, според Одлука за објавување јавен оглас за вработување на уметници бр. 04-769/1 од 28.12.2023 година на в.д. директорот на Драмски театар, донесена согласно со член 77-в став (1) и став (2) од Законот за културата, во дневните весници „Вечер" (на 29.12.2023 г.), „Слободен печат" (на 29.12.2023 г.), и „Коха" (на 29.12.2023 г.), АВРСМ и веб-страната на Драмски театар, објавен е Јавниот оглас бр. 01/2023, со дел. бр. 04-769/2 од 28.12.2023 г., за засновање на работен однос на определено работно време од 5 (пет) **години, на 10 лица даватели на услуги**, категорија А - Уметници во дејности од областа на културата за следната работна позиција: **Актер четврта група, шифра КУЛ 03 04 А06 001 – категорија А, уметници, ниво А6.**

Со Јавниот оглас е утврдено дека кандидатите треба да ги исполнуваат општите и посебните законски услови утврдени во членовите 76-б и 77-б од Законот за културата и согласно со систематизацијата на работните места од Театарот, односно: да е полнолетен, да има општа здравствена способност за работното место и со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност (**општи услови**), ниво на образование најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од подрачјето на хуманистичките науки и уметности, поле уметности (изведувачка уметност) или средно уметничко училиште (балетско или средно музичко образование), **и до една година работно искуство во струката (посебни услови).**

10.5. Врз основа на член 77-ѓ став (2) од Законот за културата, од страна на в.д. директорот на Театарот, донесено е **Решение бр. 04-48/1 од 05.01.2024 г., за формирање на Комисијата за постапка за вработување на актери четврта**


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

**група по Јавен оглас бр. 01/2023 г.,** составена од 5 (пет) уметници од повисоко ниво од нивото на кандидатите, за кои се води постапка за вработување и тоа:
актер првенец, – актер втора група,
– актер трета група, – актер втора група и
– актер втора група, **со обврска да извршат проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас, односно да спроведат административна селекција и да спроведат постапка за аудиција.**

**10.6.** За извршената административна селекција, Комисијата за постапка за вработување на актери четврта група по Јавен оглас бр. 01/2023 г., составила Записник бр. 04-111/3 од 15.01.2024 г., според којшто при проверка на приложената документација, констатирала дека документацијата е комплетна и доказите се веродостојни на 80 кандидати од вкупно пријавени 81 кандидат. Комисијата констатирала дека единствено кандидатот не го исполнувал посебниот услов за завршено соодветно образование согласно објавениот оглас. Составен дел на овој записник е табеларен преглед на сите пријавени кандидати на јавниот оглас, којшто содржи соодветни податоци барани по огласот.

Според Записникот, кандидатите коишто ги исполниле ги исполниле општите услови, односно административната селекција, од страна на Комисијата за постапка за вработување на актери четврта група, а биле повикани на аудиција за актери, настапувале според утврдена програма за аудиција и тоа:

1. Однапред подготвена етида
2. Монолог по сопствен избор и
3. Претставување на кандидатот по зададен материјал од драмска литература-монолог „Копнеж“ од Сара Кејн

Од кандидатите се барало:
-Да покажат говорна техника, сценско движење, способност за анализа на ликовите и реализација на истите, како и физичка подготвеност и
- Целиот подготвен материјал од Програмата за проверка на компетенциите пред Комисијата да го кажат на памет.

Имено, на првиот ден од аудицијата, Комисијата најпрво го утврдила кворумот за полноважно спроведување на аудицијата и го утврдила присуството на пријавените кандидати, по што се пристапило кон аудиција. На првиот ден од


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

аудицијата се пријавиле и се претставиле вкупно 38 кандидати

Додека, на вториот ден од аудицијата настапиле преостанатите 36 кандидати и тоа:

На првиот и вториот ден од аудицијата не се пријавиле кандидатите:

Според записникот, на кандидатите кои не се пријавиле, а биле повикани на аудицијата, биле дисквалификувани, а документите со кои аплицирале на огласот им биле вратени.

Инаку, редоследот на настапување на секој кандидат од Комисијата било претходно одредено по пат на ждрепка, пришто секој кандидат пред официјалното започнување на аудицијата го извлекувал својот реден број. Според записникот, на секој од кандидатите му било дадено време од најмалку 12 минути за настап, при што Комисијата била толерантна и дозволувала кандидатите да го продолжат својот настап, се со цел да се добие реална слика за капацитетот и квалитетот на кандидатот, но не повеќе од 5 минути.


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

По завршувањето на настапот на сите кандидати, Комисијата во полн состав одржала состанок на кој биле анализирани настапите на кандидатите од аудицијата одржана на ден 23.01.2024 г.. и 24.01.2024 г., пришто биле издвоени најдобрите кандидати кои настапиле на аудицијата, а изготвена била и ранг листа на најдобрите 15 кандидати од двата дена на одржување на аудиција.

После составувањето на листата повторно биле разгледани настапите на секој кандидат поединечно со цел да се одберат најдобрите десет кандидати. Детално било дискутирано за секој настап и за секој дел од настапот на секој од кандидатите. Членовите на Комисијата поединечно го образложиле своето бодување преку изготвување на конечната оцена од 0-30, односно 0-10 за секој дел од аудицијата.
Конечната листа за бодување е изготвена по пат на средна оцена од оценките на сите членови на комисијата.

Членовите на Комисијата врз основа на мнозинството гласови од вкупниот број на членови на Комисијата ги издвоиле кандидатите кои ги исполниле сите услови и критериуми кои се барале на јавниот оглас и ја поминале аудицијата и заедно со подготвена ранг листа заведена под бр. 04-111/5 од 24.01.2024 година, доставиле до в.д. директорот на Драмски театар, Скопје предлог за вработување на десет (10) актери.

10.9. Врз основа на спроведената аудиција, од страна на Комисијата за постапка за вработување на актери четврта група на определено работно време од пет години, по Јавен оглас бр. 01/2023, согласно со член 77-е став (5) од Законот за културата, изготвен е Предлог бр. 04-111/4 од 24.01.2024 г., за вработување на 10 кандидати,

а врз основа на записникот за спроведена аудиција и начинот на извршеното бодување во зависност од категоријата и нивото на работното место за кое е објавен јавниот оглас во Драмски театар.


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

10.10. Согласно со член 77-ж став (1) од Законот за културата, а врз основа на Предлогот бр. 04-111/4 од 24.01.2024 г., од страна на в.д. директорот е донесена Одлука бр. 04-111/7 од 24.01.2024 г., за избор на кандидатите

на определено време од 5 (пет) години, на работното место – КУЛ03 04 А06 001 – Актер четврта група, по објавениот Јавен оглас бр. 01/2023.

10.11. Против Одлуката за избор бр. 04-111/7 од 24.01.2024 г., од страна на кандидатот до Управниот одбор на Драмски театар поднесена е Жалба заведена под број 03-146/2 од 31.01.2024 година, преку полномошник-адвокат од Скопје, **со наводи за прекршувања на законските одредби од членот 6 од Законот за вработените во јавниот сектор, односно дека Драмски театар при спроведување на постапката за вработување по Јавниот оглас 01/2023 од 26.12.2023 г., ја прекршил оваа законска одредба на начин што не била транспарентна фер и конкурентна. Имено, според наводите** *„при спроведувањето на аудицијата во просторијата каде истата се одржувала, покрај законски овластената комисија, спротивно на одредбите на Законот за културата присуствувале и лица кои не се членови на комисијата меѓу кои повремено и Директорката на институцијата. Интервју согласно 77-е став 4 од Законот за култура воопшто и не било спроведено. Понатаму, дел од кандидатите и покрај тоа што не ја завршиле до крај аудицијата истите се избрани за конкретното работно место што оваа постапка ја прави во целост нефер и неконкурентна. Дотолку повеќе што видно од јавниот оглас за вработување на уметници на определено време бр. 01/2023 дел од избраните кандидати не го исполнуваат посебниот услов од точка 3 алинеа 2 од огласот, поточно немаат работно искуство во струката до една година.* Исто така, подносителот во жалбата невел и дека *„првостепениот орган НУ Драмски театар Скопје со донесување на сега обжалената Одлука го прекршил членот 6 од ЗРО и го дискриминирал кандидатот (како син на уважен македонски актер) по основ на социјално потекло, стстус на семејството и други лични околности“*, порадишто на УО му предлага со решение да ја поништи Одлуката на в.д директорот, за избор на 10 (десет) кандидати за вработување на актери четврта група по Јавниот оглас 01/2023 во Драмски театар и да изврши повторен избор на кандидати за ова работно место.


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

**10.12.** Со Одлука на Управниот одбор бр. 02-161/8 од 05.02.2024 г., се одбива како неоснована Жалбата на кандидатот за вработување од Скопје изјавена против Одлуката за избор на 10 кандидати за вработување на актери четврта група по објавен Јавен оглас за вработување на уметници на определено време бр. 01/2023 во Драмски театар, Скопје на в.д. директорот додека Одлуката за избор на 10 кандидати за вработување на актери четврта група по објавен Јавен оглас за вработување на уметници на определено време бр. 01/2023 во Драмски театар, Скопје донесена од в.д. директорот , се потврдува.

Имено, оценувајќи ја основаноста на наводите во поднесената жалба од подносителот Управниот одбор заземал став дека истата е неоснована поради следните причини:

Во однос на наводите во жалбата за повреди во постапката во смисол дека истата не била фер, транспарентна и конкурентна, Управниот одбор ја разгледал целокупната документација за спроведената постапка за вработување и утврди дека постапката за вработување била транспарентна, фер и конкурентна, по што се избрани кандидатите кои Комисијата ги оценила со најмногу бодови и ги има предложено за избор со предлог до в.д. директорот.
Доследната примена на принципите за спроведување транспарентна, фер и конкурентна постапка, произлегуваат од сите преземени дејстија од страна на Драмски театар, за вработување на уметници, преку кои на сите заинтересирани лица им е дадена еднаква можност за пријавување на јавниот оглас за вработување и учество во постапката за вработување.
Имено, јавниот оглас за вработување бил објавен во дневните весници Слободен печат, Коха и Вечер, и со тоа сите заинтересирани лица се информирани за потребата на Драмски театар од вработување на на 10 уметници како и за условите под кои може да се пријават на огласот. Впрочем, потврда за транспарентноста на постапката е и бројот на пријавените кандидати, односно пријавени се повеќе од 70 кандидати за десетте работни места.

Исто така, Управниот одбор оценил и дека постапката е фер затоа што за сите пријавени кандидати важеле исти услови за вработување, односно не постои фаворизирање на одредени кандидати наспроти други со определување различни услови за вработување, а истата е и конкурентна затоа што, како што е посочено, пријавени се повеќе од 70 кандидати за десетте работни места, од кои по

претходна оценка на уметничките способности на кандидатите избрани се најдобрите.
Во однос на наводите дека постапката е спроведена спротивно на одредбите од Законот за културата затоа што на аудицијата присуствувале и лица кои не се членови на Комисијата, меѓу кои повремено и директорката, е исто така неоснован и недоволно образложен, од причина што за спроведување на самата аудиција неопходна е и техничка поддршка што ја обезбедуваат вработените од сценската техника, присуство на инспициент, како и други лица од театарот, кои имаат задолжени да се грижат аудицијата да помине во најдобар ред и безбедно, односно на сите пријавени кандидати да им се овозможат потребните услови за настап.

Жалбениот навод дека спротивно на член 77-е став 4 од Законот за културата воопшто не е спроведено интервју е исто така неоснован, од причина што постапката за селекција за вработување на уметници се состои од проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас и спроведување на постапка за аудиција, кое јасно произлегува од член 77-е став 2 од Законот за културата.
Согласно посочениот член, интервју се спроведува при селекција за вработување на останатите категории на вработени, односно при вработување на уметнички соработници за подготвување на сценски и музичко сценски дела; стручни сценски работници; стручни соработници во дејности од областа на културата; стручни соработници во заштитата на културното наследство и соработници во заштитата на културното наследство, а не и за уметници.

Исто така, жалбениот навод дека дел од избраните кандидати не го исполнуваат посебниот услов од точка 3 алинеја 2 од огласот, поточно немаат работно искуство во струката до една година е Управниот одбор го ценел како паушален, необразложен и неоснован, од причина што сите пријавени кандидати кои имаат добиено известување дека успешно ја имаат поминато постапката на веродостојност на доставените податоци и доказите, го исполнуваат бараниот услов за работно искуство до една година.

Управниот одбор го разгледал и жалбениот навод дека првостепениот орган Драмски театар, Скопје со донесувањето на обжалената одлука, го прекршил членот 6 од Законот за работните односи и го дискриминирал кандидатот
како син на уважен македонски актер, по основ на социјалното


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

потекло, статус на семејството и други лични околности, и оцени го оценил како нејасен.
Имено, доколку кандидатот за вработување сметал дека само затоа што е син на уважен македонски актер и по основ на социјално потекло, статус на семејството и други лични околности, има првенствено право на вработување пред останатите кандидати, Управниот одбор напоменал дека постапка за вработување се спроведува исклучиво согласно закон каде на сите пријавени кандидати им се дава подеднаква шанса за вработување без оглед на нивната раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, и слично. Оценувањето на уметничките способности на кандидатите го врши исклучиво Комисијата и тоа слободно и согласно своите сопствени убедувања, а во рамки на одредбите од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на постапката за вработување, начинот на спроведување на аудицијата/интервјуот, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивното на работно место за кое е објавен јавниот оглас.
Согласно посочените прописи и врз основа на настапите на кандидатите, од страна на Комисијата е извршено оценување за нивните уметнички способности, па согласно член 77-е од Законот за културата, до в.д. директорот на установата доставен е предлог на кандидати за избор, по што в.д. директорот ја има донесено одлуката за избор, со што целосно е постапено согласно законските прописи.
Со тоа, Управниот одбор на кандидатот му укажал дека има право на судска заштита преку поднесување на тужба против оваа одлука до надлежен суд во рок од 15 дена, сметано од денот на приемот на одлуката.

**За горе утврдената неправилност од аспект на целосна примена на Законот за културата, ќе биде преземена следнава инспекциска мерка:**

**- согласно со член 85 став 1 точка 1 од Законот за културата, а имајќи го предвид начелото на превенција утврдено во Законот за инспекциски наздор, од страна на инспекторот му се укажува на одговорното лице на субјектот на надзорот, односно на в.д. директорот на Драмски Театар, Скопје, на потребата согласно со член 28 став (2) т. 5 од Законот за културата,** а в.в. со член 36 став (1) т. 5 од истиот Закон, да биде извршено соодветно усогласување на одредбите од постојниот Правилник за систематизација на работните места во Театарот бр. 0202-246/3 од 01.09.2020 г., согласно со **член 76-б ст. (1) и (3) од Законот за**

**културата, во делот за потребното работно искуство на даватели на јавни услуги во културата од Категоријата А - уметници, односно за нивото А4 „најмалку две години работно искуство“, а за нивоата А5 и А6 „до една година работно искуство“,**

Соодветните изменувања на Правилникот за систематизација на работните места во Драмски театар бр. 0202-246/3 од 01.09.2020 г., да се извршат во координација и со мислење од **надлежното Министерство за информатичко пштество и администрација**, од чијашто страна е **дадена согласност бр. 12/6-2771/2 од 02.09.2020 година, за усогласеноста на Правилникот, односно правилниците, меѓудругото со одредбите од Законот за културата и Каталогот на работни места во јавниот сектор.**

**Во однос на горенаведените укажувања, субјектот на инспекцискиот надзор е потребно во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на записникот, писмено или по електронска пошта (inspekcija@kultura.gov.mk), да го извести инспекторот за преземените активности.**

11)Заради обемот и сложенота на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, Записникот е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура во согласност со член 82 став (3) од Законот за инспекциски надзор.

Записникот е составен во 4 (четири) еднакви примероиц, од коишто еден примерок е за потребите на НУ-Драмски театар-Скопје, а 3 (три) примерока се за потребите на Секторот за управен и нспекциски надзор на Министерството за култура, од коишто еден примерок ќе биде доставен на увид до подносителот на Иницијативата преку Државен инспекторат труд.

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на субјектот на надзорот:

- ________________________________
- ________________________________
- ________________________________


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

- ________________________________________
- ________________________________________
- ________________________________________
- ________________________________________
- ________________________________________
- ________________________________________
- ________________________________________
- ________________________________________
- ________________________________________
- ________________________________________
- ________________________________________
- ________________________________________
- ________________________________________

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор:<br>— в.д. директор | | Печат и потпис на инспекторот за култура:<br>Маја Митревска,<br>Виш инспектор за култура | |
| Датум: | 20.03.2024 г. | Датум: | 12.03.2024 г. |

Доколку субјектот на надзорот одбие да го потпише записникот, да се наведат причините за истото.


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk